АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 08-165/2
11 04 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ДО**

**ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИТЕ ДРУШТВА**

**ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**

**Предмет: Појаснувања во врска со содржината на Циркуларен допис бр. 08-841/1 од 10.12.2024 година и бр. 08-165/1(2024) од 23.1.2025 година доставен до осигурителните брокерски друштва и друштвата за осигурување**

Почитувани,

Во врска со циркуларниот допис на Агенцијата за супервизија на осигурување упатен до осигурително брокерските друштва и друштвата за осигурување на 10.12.2024 година и 23.1.2025 година, по добиени прашања и организирани работни состаноци со Асоцијацијата на осигурително брокерски друштва и Групацијата на осигурување при Стопанската комора, Агенцијата дава појаснување во врска со примена на насоките дадени во дописот.

**ПРЕЗЕМАЊЕ НА КРЕДИТЕН РИЗИК**

1. Во однос на точка IV.2 од дописот каде е наведено дека: ***"за спротивни на закон се сметаат деловни практики каде осигурително брокерското друштво/брокерот го презема кредитниот ризик односно ризикот од доцнење или неможност на наплата на премијата за осигурување"*** напоменуваме дека:

1.1 Условите и начинот на плаќање на премијата од страна на договарачот на осигурување и можноста премијата за осигурување договарачот да ја плати на посебна наменска сметка на осигурително брокерското друштво или директно на сметка на друштвото за осигурување, ги утврдува друштвото за осигурување (со јасна одредба во договорот склучен со осигурително брокерското друштво);

1.2 Друштвото за осигурување може во склучените договори со осигурително брокерските друштва да утврди премијата за осигурување да се плаќа (1) директно на сметка на друштвото за осигурување или (2) на посебната наменска сметка на осигурително брокерското друштво согласно членот 150-а од Законот за супервизија на осигурување;

1.3 Доколку е предвидено со договорот помеѓу друштвото за осигурување и осигурително брокерското друштво наплатата на премија, по сите или по дел од склучените договори со посредство на брокерот, да оди преку

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

посебна наменска сметка на осигурително брокерското друштво, договорената полисирана **премија за осигурување се плаќа во целост (еднократно) пред склучување на договорот за осигурување/издавање на полисата за осигурување и тоа со издавање на документ за платена премија (фискална сметка) од страна на осигурително брокерското друштво или приложен доказ за платена премија од страна на договарачот на осигурување (платена про-фактура, вирман, уплатница, друг доказ за извршено електронско плаќање);**

1.4 Кога е договорено премијата за осигурување да се наплаќа преку посебна наменска сметка на осигурително брокерското друштво (во согласност со точка 1.3 погоре), тогаш друштвото за осигурување во разумен рок на осигурително брокерското друштво му доставува фактура за должна премија со цел брокерското друштво да ја исполни својата обврска за пренос на наплатената премија на сметка на друштвото за осигурување во рок од 15 дена од денот на наплата на премијата од клиентот во согласност со Правилникот за начинот и постапката за наплата и пренос на наплатената премија од страна на осигурително брокерските друштва. Во овој случај, од денот на склучување на договорот за осигурување/издавање на полисата и наплата на премијата до денот на пренос на премијата на сметка на друштвото за осигурување, осигурително брокерското друштво евидентира обврска а друштвото за осигурување евидентира побарување по основ на премија од осигурително брокерското друштво;

1.5 Во однос на договорните обврски по склучениот договор за осигурување со договарачот/осигуреникот, премијата за осигурување која е платена од страна на договарачот/осигуреник на посебната наменска сметка на осигурително брокерското друштво (по овластување на друштвото за осигурување) се смета за премија која е платена на друштвото за осигурување, па соодветно на ова, друштвото за осигурување не смее да одлучи да не ги исполнува своите обврски по склучените договори за осигурување (без оглед дали премијата за осигурување ја наплатил или не ја наплатил од осигурително брокерското друштво);

1.6 Осигурително брокерското друштво не може самостојно да одлучува и да договара (1) премијата за осигурување да не биде наплатена при склучување на договорот за осигурување/издавање на полисата ниту може да одлучува и да договара (2) премијата да се плаќа со одложен рок или на рати. Соодветно на ова, осигурително брокерското друштво не може да издава фактури, анекси за одложено плаќање или останати документи за одложено плаќање;

1.7 Осигурително брокерското друштво на својот клиент може да му овозможи одложено плаќање на премијата доколку друштвото за осигурување одобри одложено плаќање на премијата, во кој случај друштвото за осигурување е должно, пред склучување на договорот за осигурување/издавање на полисата, преку брокерското друштво, на

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

клиентот да му издаде документ фактура/анекс за (1) одложено плаќање (пр. рок за плаќање 8 дена) и/или (2) плаќање на рати при што клиентот согласно издадената фактура/анекс ја плаќа премијата за осигурување директно на сметка на друштвото за осигурување (фактурата/анексот кон договарачот/осигуреникот го издава друштвото за осигурување). Во овој случај друштвото за осигурување во својата деловна евиденција евидентира побарување по основ на премија од договарачот/осигуреникот при што во овие случаи друштвото за осигурување е должно да презема мерки за наплата на премијата од договарачот/осигуреникот (по редовен или по присилен пат).

1.8 Друштвото за осигурување треба да обезбеди своите политики кои ги регулираат условите и начинот на плаќање на премијата да не дискриминираат или ставаат во повластена положба одредени посредници/застапници/банки односно истите треба да овозможат еднакви услови за плаќање во однос на различните канали на продажба;

1.9 Друштвото за осигурување треба да обезбеди плаќање на провизијата за извршените услуги од страна на брокерот да се врши во разумен рок согласно договорот склучен со осигурително брокерското друштво.

**ОБЕЛОДЕНУВАЊЕ НА ПРОВИЗИЈАТА**

Во однос на точка I.3 од циркуларниот допис кој се однесува на информирање на клиентот во однос на провизијата која брокерот ја наплаќа од друштвата за осигурување, уште еднаш напоменуваме дека обврската за обелоденување на провизијата која брокерското друштво ја наплаќа од секое друштво со кое има склучено договор за вршење осигурително брокерски работи поединечно, во согласност со Законот за супервизија на осигурување, е во насока на елиминирање на можен (потенцијален) конфликт на интерес како резултат на мотивираност на брокерот при вршење на осигурително брокерски работи, заради повисока провизија, да фаворизира одредено друштво за осигурување.

Во оваа насока, се смета дека брокерот ја исполнил обврската за ова известување доколку брокерот/брокерското друштво на каков било начин (освен усно) го извести клиентот за износот на провизијата која ја наплаќа од секое друштво за осигурување поединечно односно:

1. Го извести клиентот со доставување/врачување на писмен документ со наведување на сите друштва за осигурување и провизиските стапки кои брокерот ги наплаќа од секое друштво за осигурување поединечно по однос на осигурувањето/класата на осигурување која е предмет на осигурување; или
2. Го извести клиентот со доставување/врачување на писмен документ со наведување на износот на провизија која брокерот ја наплаќа од друштвото за осигурување кое е предлог на брокерот или избор на клиентот и јасно посочување (на писмен документ потпишан од клиентот) на линк до

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

интернет страница на брокерското друштво преку кој клиентот може да се информира за износот на провизијата која брокерското друштво ја наплаќа од секое друштво за осигурување поединечно; или

3. Го извести клиентот со доставување/врачување на писмен документ со наведување на просечната стапка на провизија по однос на осигурувањето/класата на осигурување која е предмет на осигурување (која се добива како аритметичка средина на сите поединечни провизиски стапки од секое друштво за осигурување поединечно) и износот на провизија која брокерот ја наплаќа од друштвото за осигурување кое е предлог на брокерот; или
4. Го извести клиентот со доставување/врачување на писмен документ со наведување на просечна стапка на провизија по однос на осигурувањето/класата на осигурување која е предмет на осигурување (која се добива како аритметичка средина на сите поединечни провизиски стапки од секое друштво за осигурување поединечно) и износот на провизија која брокерот ја наплаќа од друштвото за осигурување кое е предлог на брокерот или избор на клиентот само доколку оваа провизија е повисока од просечната стапка на провизија.

**ИЗГОТВУВАЊЕ НА АНАЛИЗА НА РИЗИК**

Во однос на исклучоците од примена на деловните пракси наведени во циркуларниот допис, исклучокот кој се однесува на добивање на писмено овластување од клиентот и изготвување на анализа на ризик се проширува покрај на класата на осигурување од автомобилска одговорност и на производот патничко осигурување.

**ПОСТАПУВАЊЕ**

Со цел навремено постапување по насоките дадени во циркуларниот допис и ова појаснување, уште еднаш напоменуваме дека рокот за усогласување на друштвата за осигурување и осигурително брокерските друштва кои во своето работење не ги применуваат горенаведените практики е **30.4.2025 година** во рамки на кој се должни да ја известат Агенцијата за супервизија на осигурување со доставување на документи и докази за извршеното усогласување. Во прилог друштвата се должни да ги достават и сите склучени договори за посредување во осигурување заедно со евентуални нивни анекси.

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Воедно се задолжуваат друштвата за осигурување преку преземање на мерки за навремено ревидирање и евентуално склучување на нови договори да им овозможат на осигурително брокерските друштва услови за навремено усогласување со насоките утврдени во циркуларниот допис.

Исто така, се задолжуваат друштвата за осигурување да ги допрецизираат нивните интерни акти во врска со погоре наведеното.

Со почит,

**Претседател на Советот на експерти,**
**м-р Ели Дракуловска**